# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**18.08.2022 год.** **Бр.X**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 16-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 17.08.2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 16-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 17.08.2022 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-1025/1 од 18.08.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 16-та седница, одржана на 17.08.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 15-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.07.2022 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-996/3 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на проектот “Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство “**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Крушево да учествува со кофинансирање на проектот **“Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални**

**добра и природното и културно богатство“ во износ од 438.999,00 денари.**

**Член 2**

Општина Крушево за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во износ од 438.999,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општината за 2022 година.

**Член 3**

Проектот преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион се поднесува до Бирото за Регионален развој за користење на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој за 2021/22 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-996/4 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на РМ” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар**

**Член 1**

СЕ ПРИФАЌА Иницијативата за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Демир Хисар, а за сметка на Опшина Крушево, од надлежност на: градежна инспекција, комунална инспекција и вршење на менторство од инспекторите на Општина Демир Хисар на помладите инспектори од Општина Крушево.

**Член 2**

Видот на работите кои ќе се исвршуваат, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето, како и условите за престанок на соработката и други релевантни прашања ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу Градоначалникот на Општина Крушево и Градоначалникот на Демир Хисар.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/5 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на РМ” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар**

**Член 1**

СЕ ПРИФАЌА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Демир Хисар, за вршење на работите од надлежност на општините, од страна на Општина Демир Хисар, а за сметка на Опшина Крушево, од надлежност на : градежна инспекција, комунална инспекција и вршење на менторство од инспекторите на Општина Демир Хисар на помладите инспектори од Општина Крушево.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/6 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (“Сл.весник на РМ” бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 12 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Советот на Општина Крушево го утврдува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Демир Хисар за вршење на работите од надлежност на општинте од страна на Општина Демир Хисар, а за сметка на Општина Крушево од надлежност на: градежна инспекција, комунална инспекција и вршење на менторство од инспекторите на Општина Демир Хисар на помладите инспектори од Општина Крушево.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Демир Хисар, за сметка на Општина Крушево врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Сите трошоци поврзани со меѓоупштинската соработка ќе паднат на товар на Општина Крушево.

**Член 4**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука се доставува до Општина Демир Хисар заради усвојување.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/7 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (“Сл.Весник на РМ” бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.Весник на РМ” бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/2016 година.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/07 и 16/14, 7/19 и 7/20 година) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА дека ќе се донесе урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето согласно намената на бесправниот објект кој се вклопува за Сашо Коруноски на КП. бр. 4591/1 и КП бр. 4591/2 КО Крушево во Крушево према графичкиот прилог кој е составен дел на оваа одлука.



**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/8 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 114 став 8 и 16 и член 115 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14;10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16;163/17 21/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.104/19;146/19;275/19; 311/20; 294/21 и 150/22), член 36 став 1 точка 5 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 34 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево**

1.Од член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од установата (од редот на вработените, СЕ РАЗРЕШУВА:

**-ФАНИЦА ПАВЛОСКА**, од Крушево заради пензионирање.

2. За член на УО во ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево како претставник од установата (од редот на вработените), СЕ ИМЕНУВА:

**- ДАНИЕЛА ДОАГА.**

3. Мандатот на член на УО трае 4 (четири) години.

4. Решението влегува во сила со денот на неговото објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

5. Примерок од решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ „Гонча Туфа“ Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-996/9 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 35 и 38 од Законот за културата (“Сл.весник на РМ” бр.31/98; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1.Од член на УО на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево СЕ РАЗРЕШУВА Захарија Анѓелеска на нејзино барање заради судир на интереси.

2. За член на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, СЕ ИМЕНУВА:

- Пепи Петрушески;

3. Мандатот на членовите на УО на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево трае во рамките на мандатот на УО;

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архивата на Општина Крушево

5. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/10 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 17ѓ од Законот за Јавните претпријатија (“Сл.весник на РМ” бр.38/96, 6/02, 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19 и „Сл.весник на РСМ.” бр.275/19; 82/20 и 89/22), член 36 став 1, точка 5 од Законот за локалната

самоуправа (“Сл.весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 34 и член 53 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на член на**
**Управен одбор на ЈП Комуна Крушево**

1. Од член на УО на ЈП „Комуна” Крушево, на нејзино барање, заради судир на интереси СЕ РАЗРЕШУВА:

- Василика Чавкароска;

2. Примерок од ова Решение да се достави до именувната, ЈП „Комуна“ Крушево и Архивата на Општина Крушево;

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево;

**Бр.08-996/11 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 28 од Законот за средното образование (“Сл.весник на РМ” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16 и 64/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.229/20), член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 8 и член 21 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2022-2023 г. на СОУ “Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. СЕ ДАВА Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во прва година за учебната 2022-2023 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче” Крушево, согласно барањето бр.35-858/2 од 04.07.2022 година и позитивното милење од Министерството за образование и наука бр.13-8029/2 од 28.07.2022 година.

- една паралелка со 10 ученици во гимназиско образование на македонски наставен јазик и
- една комбинирана паралелка со 5 ученици во стручно образование за образовните профили хотелско туристички техничар/ угостителски техничар/ хотелско ресторански техничар од угостителско туристичка струка, на македонски наставен јазик со 4 годишно траење на образованието и
- една комбинирана паралелка со 9 ученици во стручно образование за образовните профили готвач / келнер / слаткар од угостителско туристичка струка, на македонски наствен јазик со 3 годишно траење на образованието.

2. Согласноста влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/12 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 20б. став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Службен весник на РСМ” бр.143/19; 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање согласност на годишниот план за вработување**
**на Општина Крушево за 2023 година**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2023 година бр.03-920/1 од 14.07.2022 година;

2. Овај заклучок влегува во сила со денот на објавување на Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-996/13 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и „Сл.весник на РСМ” бр.143/19, 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2023 година на**
**ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2023 година на ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево, бр.01-55/1 од 10.08.2022 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-996/14 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 „Сл.весник на РСМ” бр.143/19, 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14;7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2023 година на**
**ЈП „Комуна” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2023 година на ЈП „Комуна” Крушево, бр.01-157/1 од 08.08.2022 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈП „Комуна” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-996/15 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) член 20б од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на РМ” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18 „Сл.весник на РСМ” бр.143/19; 14/20 и 302/20) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на Годишниот План за вработување за 2023 година на**
**ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Годишниот План за вработување за 2023 година на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево, бр.01-87/1 од 27.06.2022 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево и Архива на Општина Крушево.
**Бр.08-996/16 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на Р.М.” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Сл.весник на Р.С.М.“ бр.294/21 и 89/22), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од првото полугодие од 2022 година**

1. СЕ ПРИФАЌА Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за периодот од првото полугодие од 2022 година, БР.22.22.9.1-650/1 од 05.07.2022 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-996/17 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Законот за градежноземјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 275/19, 90/20 и 16/22), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр. 5/2002 ) и член 21 став1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево ( “Сл. гласник на Општина Крушево” бр. 1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20) Советот на Општина Крушево на седницата одржана нна 17.08.2022 година, донесе:

***Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2022 година***

Во Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општин Крушево за 2022 година бр.08-1312/10 од 21.12.2021 година се вршат следните измени и дополнувања :

1.Се врши измена во глава **V** – Пресметка на трошоците за уредување на градежно замјиште и тоа :
по точка 10 се додаваат две ниви точки 11 и 12 кои гласат :

„ 11**.** За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и
12.За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.“

Точката 11 станува точка 13.

Овие измени влегуваат во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево и стануваат составен дел на програмата.
**Бр.08-996/18 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 и член 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 65 став 6 од Законот за спортот („Сл. весник на РМ“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и („Сл.весник на РСМ“ бр. 98/19 и 244/19) и одредбите од Програмата за спорт и рекреација на Општина Крушево за 2022-2025 година бр.08-528/16 од 11.04.2022 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

## Т А Р И Ф Н И К
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО

### Член 1

Со овој Тарифник се определува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт сопственост на Општина Крушево.

### Член 2

При утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт, предвид се земаат трошоците за комунални услуги ( струја, вода и слично) како и пазарните услови на подрачјето на кое е лоциран објектот за спорт.

### Член 3

Објектите за спорт сопственост на Општина Крушево, Општината ги дава на користење согласно одредбите од Програмата за спорт и рекреација на Општина Крушево.

### Член 4

Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт се утврдува во денари за користење од час, ден и на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, врз основа на објавен јавен повик.

### Член 5

Средствата се уплаќаат на сметка на Буџетот на Општина Крушево 740014057663016 конто 725 939 – други неданочни приходи.

### Член 6

Спортски објект: Спортска сала „Ѓорѓи Стојанов„

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево, со или без осветлување....................... 400 ден/час
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина , со или без осветлување........................... 700 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од обласста на спортот, со или без осветлување.................................1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од обласста на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување.........................10000 ден/месечно

Спортски објект: Фитнес сала

- за користење на спортисти поединци, граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево, со или без осветлување......................... 50 ден/час
- за користење на спортисти поединци, граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина, со или без осветлување............................ 100 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од обласста на спортот, со или без осветлување....................................1 000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од обласста на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување.........................5 000 ден/месечно

Спортски објект: Болдеринг карпа за деца

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево, со или без осветлување...................... 200 ден/час
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина , со или без осветлување........................... 400 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, со или без осветлување................................1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување….....................10000 ден/месечно

Спортски објект: Болдеринг карпа за возрасни

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево, со или без осветлување...................... 400 ден/час
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина , со или без осветлување........................... 600 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, со или без осветлување...............................1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување….............10000 ден/месечно

Спортски објект: Фудбалски игралишта

- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, со или без осветлување........................................1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување…......................10000 ден/месечно

Спортски објект: Повеќенаменско спортско игралиште

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево....................... 400 ден/час
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина ..............................500 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот.................................. 1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување…......................10000 ден/месечно

Спортски објект: Тениски игралишта

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево, со или без осветлување...................... 100 ден/час
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од други општина , со или без осветлување........................... 200 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, со или без осветлување.............................1000 ден/час
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции со или без осветлување…..................10000 ден/месечно

Спортски објект: Полетиште за параглајдери и змаеви

- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево и Република Северна Македонија .. 150 денар/ден
- за користење на спортисти поединци, група на граѓани или поединци за спорт и рекреација од општина Крушево и Република Северна Македонија .....300 денар/ден
- за користење на спртски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот............................................3 000 денар/час
- за користење на спортски сојузи, клубови и здруженија од областа на спортот, на определено време од најмалку 30 дена до најмногу една година со или без осветлување ..... (по јавен повик)
- за користење од страна на државни и локални институции ... 10 000 денар/месечно

За сите спортски активности и манифестации кои се под покровителство на Општина Крушево и се влезени во Програмата за спорт на Општина Крушево не се наплаќа по тарифникот за користење на спортските објекти.

**Член 7**

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево

**Член 8**

Со влегувањето во сила на овој тарифник, престанува да важи Одлуката за утврдување на цените за користење на спортската сала во Крушево, бр. 07-22/4 од 28.02.2008 година и бр. 07-879/4 од 07.11.2013 година.

**Бр.08-996/19 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-976/1 од 01.08.2022 година од Зоран Блажов од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади) денари по барање бр.08-976/1 од 01.08.2022 година од Зоран Блажов од Крушево ул.„Томе Никле“ бб со ЕМБГ 0401977484000;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001884808059 депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-996/20 од 17.08.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

**Ре.бр.** **стр.**

1.Заклучок за објавување на актите донесени на 16-та седница на Советот на Општина Крушево ... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 15-та седница на Советот на Општина Крушево ........ 1
3. Одлука за кофинансирање на проектот „Подобрување на системот за заштита на животната средина во Пелагонискиот регион преку јакнење на институционалните капацитети за комунални услуги и заштита и безбедност на граѓаните, нивните материјални добра и природното и културно богатство“ ................... 1
4. Одлука за прифаќање на иницијатива за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар .... 2
5. Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар .... 2
6. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Крушево и Општина Демир Хисар .... 3
7. Одлука со која се утврдува да се донесе урбанистичко планска документација за усогласување на намената на земјиштето во Општина Крушево .......................................... 3

8. Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор во ЈОУДГ “Гонча Туфа“ Крушево ........................................................ 4
9. Решение за разрешување и именување на член на УО на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево .............................................. 4
10. Решение за разрешување на член на Управниот одбор на ЈП „Комуна“ Крушево ........................ 5
11. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2022-2023 година на СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево ........................................................................... 5
12. Заклучок за давање согласностна годишниот план за вработување на Општина Крушево за 2023 година ............................................................ 5
13. Согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ОУ Дом на клутура „Наум Наумовски-Борче“ Крушево .............................. 6
14. Согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈП „Комуна“ Крушево .......... 6
15. Согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈОУДГ „Гонча Туфа„ Крушево ......................................................................... 6
16. Заклучок за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за периодот од првото полугодие од 2022 година ............................................................. 7
17. Измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2022 година ............... 7
18. Тарифник за определување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт сопственост на Општина Крушево ................. 8
19. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Зоран Блажов од Крушево ................ 10

Редакциски одбор на Општина Крушево-самостоен референт Кире Николоски.